# 338. НЕ ГО ЛИ ВИДОТЕ АСАНЕЈА




Не го ли видо'те Асанеја,
Јаниш Мемед бега?
Вчера го видо'ме, рудо јагне,
на пат го сретна'ме.

На пат го сретна'ме, рудо јагне,
на пазар одеше,
на пазар одеше, рудо јагне,
руба да ти крое.

Руба да ти крое, рудо јагне,
руба в'станлија,
копче алт'нлија, рудо јагне,
срмали елече.

Свадба ќе ти прават, рудо јагне,
тебе ќе те мажат,
за момче што неќиш, рудо јагне,
штрбо ем ќелаво.